**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**
-------------------------------------------
ул.„Битолска“ бр.8 7240 Демир Хисар
demirhisar@demirhisar.gov.mk
047 552 661

бр. 08- 114/1
27.01.2025
Општина
Демир Хисар

**До:**
**Државна комисија за спречување на корупцијата**
**Бул. „Пресвета Богородица“ бр.3**
**1000 Скопје**

**Предмет: Доставување на известување,**

Почитувани,

Согласно член 2 став 5 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите од јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/2016), ги доставуваме податоците за новоназначеното овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување на Општина Демир Хисар:

Име и презиме: Игор Дамјаноски,

Работно место: Раководител на одделение за управување со човечки ресурси,

Телефонски број за контакт: 075 468 872, 047 552 661,

Поштенска адреса и адреса на електоронска пошта за прием на пријави: ул.„Битолска“ бр.8 Демир Хисар, igor.damjanoski@demirhisar.gov.mk.

Овластенот лице ги исполува условите предвидени во член 3 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор.

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник**
**Никола Најдовски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
бр. 04 – 113/1
27. 01. 2025 год.
ДЕМИР ХИСАР

Врз основа на член 34 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 143/2019 , 14/2020 и 208/24) како и член 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) а согласно Правилникот за заштитено внтарешно пријавување во институциите во јавниот сектор (Службен глвесник на Република Македонија бр.46/2016), како и Упатството за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите бр.08-722/1 од 08.08.2019 и 08-1116/1 од 16.11.2021, Градоначалникот на Општина Демир Хисар, го донесе следново:

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Административниот службеник Игор Дамјаноски**,** на работното место Раководител на одделение за управување со човечки ресурси, **се назначува** за овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување на Општина Демир Хисар.
2. Овластеното лице ги исполува условите предвидени во член 3 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор.
3. Овластеното лице врши и сумирање на податоците и изготвување и доставување на полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи
4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.
5. Со денот на влегувањето во сила на ова Решение престанува да важи актот бр. 08-1116/2 од 16.11.2021 година, донесен од страна на Градоначалникот на Општина Демир Хисар.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**

Согласно горенаведените законски и подзаконски акти, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОКУКА:** Административниот службеник може да поднесе приговор до Агенцијата за администрација во рок од осук дена од примеот на ова Решение.

Доставено до:

-Назначеното лице

-Архива

-Државна комисија за спречување на корупцијата

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Никола Најдовски